BAKER TILLY
MAKEDONIJA

# Извештај на независниот ревизор

### До Раководството и Собранието на Фудбалската Федеарција на Македонија

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Фудбалската Федерација на Македонија (ФФМ), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 Декември 2013 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледтот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум

### Одговорност на Раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резултат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

### Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот, и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка.При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се доставни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење**

Наше мислење е дека финансиските извештаи на друштвото, во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба на Друштвото на ден 31 Декември 2013 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации

Скопје, 07 март 2014

Овластен ревизор

Димитар Андоновски

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА

БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

Друштво за ревизија

БЕЈКЕР ТИЛИ МАКЕДОНИЈА

ДОО Скопје